**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/1
13.02. 2020 год.
СКОПЈЕ

FON FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 228**

**Скопје, 13.02.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Деловно право - 50824 и Трудово право - 50805....................................................................3658
2. Рецензија за избор на еден соработник од областа Меѓународно јавно право - 50806, Меѓународно приватно право - 50807, Право на Европската Унија - 50811 и Меѓународни односи и историја на дипломатијата - 50815............3668
3. Рецензија од доц. д-р Анита Глигорова за учебно помагало „Историја на политички теории 1“..........................................................................................3673
4. Рецензија од доц. д-р Гордан Георгиев за учебно помагало „Историја на политички теории 1“..........................................................................................3676
5. Рецензија од проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска за учебно помагало „Филозофија на правото“.......................................................................... 3678
6. Рецензија од доц. д-р Гордан Георгиев за учебно помагало „Филозофија на правото“............................................................................................... 3681

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТА ДЕЛОВНО ПРАВО – 50824 И ТРУДОВО ПРАВО – 50605 НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН**

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Прв приватен Универзитет - ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од научната област Деловно право – 50824 и Трудово право - 50605, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки на седницата одржана на 20.11.2019 година, определи Рецензентска комисија за избор на наставник од научната област Деловно право – 50824 и Трудово право - 50605, во следниот состав:

1. проф. д-р Игор Камбовски – редовен професор, претседател
2. проф. д-р Сејдефа Џафче – вонреден професор, член
3. проф. д-р Стефан Буџакоски – редовен професор, член

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 29.10.2019 година, за избор на наставник од научната област Деловно право - 50824 и Трудово право – 50605 во определениот рок доставена е пријава од кандидатот д-р Зорица Силјановска, доцент на Факултетот за правни и политички науки при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАУЧНО – СТРУЧНАТА АКТИВНОСТ НА Д-Р ЗОРИЦА СИЛЈАНОВСКА

Кандидатката д-р Зорица Силјановска е родена на 21.05.1982 година во Битола, каде завршува основно и средно образование. Високото образование го

завршува на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во 2004 година со просек 9,03 меѓу првите по успех во својата генерација, со што се стекнува со звањето дипломиран правник.

По дипломирањето кандидатката д-р Зорица Силјановска краток временски период била ангажирана како практикант во адвокатска канцеларија, каде што се стекнала со значајно практично искуство посебно во областа на стопанските и работните спорови.

Во 2006 година се запишува на постдипломските студии на катедрата по Деловно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оцена 9,8, на 12.04.2010 година успешно ја брани магистерската тема под наслов **„Меродавното право за суштината на спорот во постапка пред меѓународна трговска арбитража"**, со што се стекнува со звање магистер на правни науки од областа Деловно право.

Во ноември 2011 година кандидатката д-р Зорица Силјановска пријавила докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со наслов **„Правците на развој на моделите на корпоративно управување после светската економска криза"**.

Кандидатката д-р Зорица Силјановска од 2006 година е вработена на Прв приватен универзитет - ФОН со избор во помлад асистент, а денес како доцент доктор ги извршува обврските на Факултетот за правни и политички науки на предмети од областа на деловно право и тоа: Трговско право, Трудово право, Корпоративно управување, Трговско право (применета програма), Трудово право (применета програма), Договорно право и Право на е-трговија. Од академската 2018/19 заедно со академик Владо Камбовски го предава и предметот Методологија на правно – политички истражувања. Освен на Факултетот за правни и политички науки ангажирана е и на Факултетот за економски науки, Факултетот за странски јазици и Факултетот за информатика при Прв приватен универзитет – ФОН. Била ментор и член на комисија на многубројни дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Од 2012 година до денес е член на Координативното тело на научно-истражувачкиот проект „Фабрика на знаење" на ФОН Универзитет. Во мај 2018 година успешно го положила и Правосудниот испит.

Во своето досегашно работење доцент д-р Зорица Силјановска се има профилирано како исклучително квалитетет наставник, кој освен редовната настава практикува и индивидуална работа и консултации, организира посети и практична работа во компании од бизнис секторот, но и во државни институции за студентите кои покажуваат особен интерес по предметите кои ги предава. Професионално, компететно, совесно и одговорно ги извршува сите работи поврзани со наставно- образовниот процес. Важи и за принципиелен професор кој бара постигнување на високи академски стандарди од страна на студентите како при совладувањето на предметната материја така и при изработката на дипломските, специјалистичките и магистерските трудови.

Особена активност и професионалност кандидатката покажува и во активностите од поширок интерес. Доц. д-р Зорица Силјановска изминатиот период е вклучена во неколку стручни комисии на универзитетско ниво и ан Факултетот за правни и политички науки и тоа:

- Претседател на Комисија за самоевалуација
- Член на комисија за трансфери
- Член на Координативното тело за уписна стратегија

Во текот на својата досегашна кариера несебично и посветено придонесува во оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на Факултетот за правни и политички науки.

## II. СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

### *1. Магистерски труд:*

**„ Меродавното право за суштината на спорот во постапка пред меѓународна трговска арбитража",** Правен Фкултет Јустинијан Први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Април, 2010 година.

Трудот ги разгледува правните аспекти на определувањето на меродавното право за суштината на спорот во постапка пред арбитража, како еден од начините на алтернативно (вонсудско) решавање на спорови. Решавањето на спорови пред меѓународна трговска арбитража, денес е едно од најактуелните прашања во меѓународната трговија на глобално ниво. Трудот ги анализира начините на определување на меродавното право, што претставува

едно од најкомплексните и најбитни прашања во арбитражната постапка. Преку анализа на правните акти и постоечката пракса, акцентот е ставен на состојбите во Република Македонија и реформите кои треба да се спроведат, со цел усогласување на правната регулатива и имплементирање на најдобрите практики на реномираните меѓународни трговски арбитражи.

*2. Докторски труд:*

„ **Правците на развој на моделите на корпоративно управување после најновата светска економска криза**", Правен факултет Јустинијан Први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Ноември, 2014 година.

Трудот ги обработува и анализира правците на развој на моделите на корпоративното управување на глобално ниво под влијание на последната светска економска криза. Во истражувањето опфатени се и правните и економските аспекти заради специфичноста на тезата која е поставена. Корпоративното управување денес е прашање кое е во фокусот на вниманието и во развиените земји и во земјите во развој, со што се потенцира неговото значење. Светската економска криза од една страна ги изваде на површина слабостите во корпоративното управување, а од друга страна ја наметна потребата за изградба на квалитетно и ефикасно корпоративно управување. Во услови на глобализација тоа не е избор туку е нужност. Ците компании кои сакаат да бидат конкурентни на светскиот пазар мора да ги инкорпорираат и применуваат принципите и стандардите за добро корпоративно управување. Посебен акцент е ставен на состојбите во Република Македонија, на воспоставената правна и институционална рамка за развој на корпоративното управување како и на реформите кои се неопходни за изградба на еден ефикасен, ефективен и квалитетен систем на корпоративно управување.

***Објавени трудови по изборот во доцент:***

- **Efficient and effective corporate governance system a prerequisite for business success,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Bulgaria, 13-15.12.2019;
- **OECD principles for good corporate governance and their impact on process of standardization,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Greece, 11-13.10.2019;
- **Корпоративното управување во земјите од БРИКС – предизвик за глобалната економија,** Шеста меѓународна научна конференција, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, 05-06.09.2019;

- **The impact of the globalization process on the development of corporate governance,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Budva, 06-09.06.2019;
- **Судска заштита на правата на доверителите во постапка за обезбедување на побарување со претходни мерки,** Vizione 32, International magazine for social sciences, Skopje, 2019;
- **Corporate social responsibility – one of the basic proposals for good corporate governance,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Agia Triada, 27-29.09.2018;
- **Strategy of the monetary central bank monetary policy and the need for supervision,** Vizione 30, International magazine for social sciences, Skopje, 2018;
- **Formal, transparent and corruption – resistant management in the public sector,** Vizione 30, International magazine for social sciences, Skopje, 2018;
- **Економската важност на корпоративното управување во Европска Унија и нејзината улога во процесот на конвергенција,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Budva, 23-26.05.2018;
- **Градење систем на добро корпоративно управување неопходност, а не избор во 21век,** Стручно списание **Правник**, април 2018;
- Авторизирани предавања „**Корпоративно управување**", 2017;
- **Placing an universal international standards for good corporate governance on international level**, Vizione 28, International magazine for social sciences, Skopje, 2017;
- **Model of corporate governance of a modern enterprise in the 21$^{st}$ century**, Journal of Process Management-New technologies, International, Volume 5 Issue 1, January 2017;
- **The global economic crisis brought on sight a new world order,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, 16-18 December, 2016 Bansko, Bulgaria;
- **Effects of the second wave in eurozone crisis,** Vizione 26, International magazine for social sciences, Skopje, August 2016;

- **Влијанието на светската економска криза врз финансиските текови на глобално ниво,** Vizione 25, international magazine for social sciences, Skopje, February 2016;
- **The global economic crisis has highlighted the need for transparency in the management,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Greece, 2-4.10.2015;

*Објавени трудови до изборот во доцент:*

- **Corporate social responsibility**, Third International Scientific Conference: Knowledge – Capital of the future, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Bansko, R. Bulgaria, November 27-29, 2014;
- **The Impact of BRICS from Economic, Legal and Political Aspect in the International Community**, The European Scientific Institute (ESI), "Vitrina" University and The University of the Azores- Portugal, Tirana, Albania, 2013;
- **Impact of globalization the convergence of the models of corporate governance**, International scientific conference, Promoting Human Rights: Recent Development, MIT University Skopje, Republic of Macedonia, September 25-27, 2013;
- **The global financial crisis highlights the shortcomings of fiscal transparency**, International scientific conference, Promoting Human Rights: Recent Development, MIT University Skopje, Republic of Macedonia, September 25- 27, 2013;
- **The Impact of the Global Financial Crisis on the Trade Flow in the Republic of Macedonia**, Eight ECPD International Conference, RECONCILIATION, TOLERANCE AND HUMAN SECURITY IN THE BALKANS-NEW BALKANS IN A CHANGING WORLD, Beograd, October 20-21, 2012;
- **Investments in Sustainable Development of Renewable Energies in the Republic of Macedonia**, 2nd Climate change, economic development, environment and people conference, University of Prešov, Slovak Republic, 2012;
- **The inflow of foreign direct investments in the west Balkan countries within the process of EU accession**, I International Scientific Conference on economic development and standard of living, EDASOL, September 23-24, 2011;
- **Арбитражна спогодба**, Годишник ФОН Универзитет, Скопје, 2008/09;
- **Социјалната политика и стратегија за вработување – денес во фокусот на активностите на Европска Унија**, Зборник на трудови Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ – состојби и перспективи, Скопје, 2007;

- **Остварувањето на избирачкото право – основа на демократијата**, Зборник на трудови Парламентарните избори 2006 и македонските аспирации за членство во ЕУ и НАТО, Скопје, 2006.

## III. УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, ПРОЕКТИ И ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

- Тренинг на тема „Трговија со луѓе" во организација на ТЕМИС, Здружението на жени правници на Македонија, Скопје, 2003.
- Учество на 56та Средба на Правниците на Стопанството на Република Македонија, Охрид, 2006.
- Тркалезна маса на тема „Остварување на правата од работен однос согласно Законот за работни односи" во организација на Сојузот на Синдикати на Република Македонија (ССМ), Скопје, 2008.
- Семинар на тема „Инсолвентност, стечај и ликвидација на трговско друштво-легислатива и практика", Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 2010.
- Project "Tet–a-tet with Euro-Atlantic values" held in Berlin, Brussels and Paris; project funded by FON University and supported by the Friedrich-Ebert-Stiftung, office Skopje, June, 2013.
- International Scientific Conference, Promoting Human Rights Recent Developments, MIT, Skopje, 2013.
- Конференција на тема „Арбитражата во ЦЕФТА регионот во насока на унапредување на економскиот развој", Стопанска комора на Македонија, Скопје, 18 февруари, 2014.
- Советување „Како до поголема вработливост на студентите и дипломците", МАНУ, Скопје, Март, 2014.
- UDG Regional Summer School "Finance and Capital Market", Cetinje, 2014;
- International Scientific Conference: Knowledge-Capital of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Bansko R.Bulgaria, 2014.
- International Scientific Conference: Knowledge-Knowledge without borders, Institute of Knowledge Management Skopje, Greece, October 2015.

- International Conference on New Challenges in Management and Business held in Dubai, UAE, 2 May, 2016.
- Тркалезна маса на тема "Индустриската сопственост – мотор или кочница за развој на бизнисот", ФОН Универзитет Скопје, март, 2018.
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Budva, May 2018.
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Agia Triada, September 2018.
- Член на координативното тело на научно истражувачкиот проект „Фабрика на знаење" од академската 2011/12 година до 2018/19.
- Положен правосуден испит, 30.05.2018 година.
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Budva, June 2019
- Шеста меѓународна научна конференција, „Општествени промени во глобалниот свет" Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, 05-06.09.2019
- Конференција на теме „Зајакнување на младите преку нови можности за вработување", СОС Детско село, Скопје, 30.09.2019
- International Scientific Conference: Knowledge in pracitice, Institute of Knowledge Management Skopje, Bansko, December 2019

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на доставените конкурсни материјали и деталното анализирање на сите сегменти од научното делување на кандидатот, Рецензентската комисија едногласно констатира дека доц. д-р Зорица Силјановска е подобна и во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и интерните акти на Прв приватен Универзитет – ФОН, за избор на наставник во наставно-научното звање вонреден професор од областа на Деловно право и Трудово право.

Кандидатката поседува високи наставно-обрзовни, научно истражувачки и стручно апликативни квалитети. Со нејзината работа како наставник во звањето доцент, кандидатката се потврдува како исклучително професионален и трудољубив наставник, педагог и научен работник во остварувањето на наставно-образовните обврски, коишто ги извршува посветено, ефикасно и ефективно. Се истакнува со нејзиниот пристап и работа со студентите, како и соработката и оспособувањето на млад соработнички кадар. Постигала завидни резултати на сите полиња релевантни за постапката за избор во наставно-научни звања во смисла на релевантните одредби од Законот за високо образование и интерните акти на ФОН Универзитет. Овие квалификации на кандидатката се резултат на нејзиното постојана професионална надоградба, континуирана научно-истражувачка работа, примена на стандардни но и иновативни методи и техники во наставата, како и постојаното следење на современата научна литература за научните области за кои се избира.

Особено треба да се истакнат значајните резултати кои кандидатката ги остварила во нејзината научно-истражувачка активност, кои може да се забележат преку научните трудови објавени во реномирани списанија но и презентирани преку учеството на многубројни меѓународни конференции. Кандидадката е посветена на проблематиката од областа на деловното право и трудовото право и со својот истражувачки опсег дава значаен импакт и придонес за многу актуелни прашања и на национално и на глобално ниво, низ студиозен и сериозен пристап кон истите. Со тоа кандидатот во целост ги исполнува педагошките, научните, и стручните критериуми како и законските услови и условите предвиени во рамките на интерните акти на ФОН Универзитетот за да биде избрана во наставник во научните овласти: деловно право и трудово право.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно, со полна увереност и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при ФОН Универзитет, кандидатката **доц. д-р Зорица Силјановска** да ја ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО

НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ДЕЛОВНО ПРАВО И ТРУДОВО ПРАВО

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. проф. д-р Игор Камбовски, претседател, с.р.**

______________________________

**2. проф. д-р Сејдефа Џафче, член, с.р.**

______________________________

**3. проф. д-р Стефан Буџакоски, член, с.р.**

______________________________

Скопје, Јануари 2020

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО- 50806, МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО-50807, ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА-50811 И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА- 50815 НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН**

Врз основа на Законот за високо образование и Статутот на Прв приватен Универзитет- ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа на Меѓународно јавно право- 50806, Меѓународно приватно право-50807, Право на Европската Унија- 50811 и Меѓународни односи и Историја на дипломатијата- 50815, Наставно- научниот совет на Факултетот за правни и политички науки во Скопје, на седницата одржана на 20.11.2019 година**,** формираше Рецензентска комисија во следниов состав:

1. Проф. д-р Љубомир Фрчкоски- ФОН Универзитет
2. Проф. д-р Гоце Галев- ФОН Универзитет
3. Проф. д-р Александар Чавлески- ФОН Универзитет

По разгледување на пристигнатите материјали, рецензенстската комисија го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 29.10.2019 година, за избор на соработник со соработничко звање асистент од областа на Меѓународно јавно право- 50806, Меѓународно приватно право-50807, Право на Европската Унија- 50811 и Меѓународни односи и Историја на дипломатијата- 50815, во дадениот рок доставена е пријава од кандидатот Мр. Екрем Халимовски, помлад асистент на Факултетот за правни и политички науки при Прв приватен Универзитет- ФОН од Скопје.

## 1. Биографски податоци

Екрем Халимовски е роден на 27.11.1987 година во Кумнаово. Основното образование го завршил во " Наим Фрашери" во Куманово со одличен успех. Средното образование го завршил во Гимназијата "Гоце Делчев" во Кумнаово, со одличен успех.

На Правниот Факултет во Тетово, при Универзитетот во Тетово се запишал во учебната 2006/2007, како редовен студент, а диполирал во септември 2009 година со просечна оценка 9.52.

За време на студирањето бил член на ораторскта група, го претставувал Факултето на неколку семинари и бил стипендист на самиот Универзитет за учебната година 2008/2009.

Од 21.12.2009 година започнал да стажира во Основениот суд во Куманово, каде останува до 21.04.2010 година, во Одделението за граѓански предмети.

Во преиод 2012 /2013 година како стипендист на Р. Турција, го изучувал туркиот јазик во Центарот за странски јазици при Анкара Универзитет.

Во 2013 година исто така како стипендист на Р. Турција, се запишал на последипломски студии на Институтот за општествени науки, Студиска програма-Јавно право, област Право на Европската Унија, при Докуз Ејлул Универзитет во Измир. Дипломата од овие студии е призната со Решение на Миистерот за образование бр. УП1 бр.15-2480 од 20.12.2016 година за признавање на високообразовна квалифиација стекната во странство како завршен втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен Магистер по право. Испитите на овие последипломски студии ги положил со просек 3,79/4,00 , што во македонскиот образовен систем е еквивалент на 9,75, видно од дописот/известувањето за еквиваленција на оценките на Министерот за образование бр. 14-60/2 од 12.01.2017 година. Магистерскиот труд го одбранил на 2016 година, од областа на Правото на Европската Унија на тема "Право на добра администрирање (управување) во Правото на Европската Унија", со што се здобил со звањето Магистер по право.

Во период од 24.04.2017 година до 24.06.2017 година учествувал во Школата за Лидерство, Јавен говор и дебата, реализирана во Тетово.

Од 15.03.2017 година е избран за помлад асистент по правни науки, ФОН-Универзитетот, каде и сега ги извршува обврските на Факултетот за правни и политички науки од областа на Европското право и правото на ЕУ, Меѓунароното јавно и приватно право и тоа на македонски, албански и турски јазик.

Дека кандидатот го исполнува условот за познавање на странски јазик-англиски со постигната просечна оценка од најмалку 8 (осум), согласно чл. 9 в.в. со чл. 14 од Правилникот за посебните услови и постапката за збор во наставно-научни, наставн-стручни, научни, наставни и сорботнички звања на ФОН Универзитетот (Битен бр.220 од 03.07.2019 год.), Рецензентската комисија констатираше од увид во Уверението за завршен прв циклус (додипломски студии) на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово.

Во 2018 година ги запишал докторските студии на Правни студии, Право на Европската Унија и Европски Интеграции, Правен Факултет "Јустинијан први" при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје.

Во своето досегашно работење м-р Екрем Халимовски се профилирал како квалитетен асистент, кој освен вежбите практикува и индивидуални консултации со

студентите кои покажуваат повисоки резултати и интерес. Компетентно, совесно и одговорно ги извршува сите задачи поврзани со наставно-образовниот процес..

Исто така бил и член на комисијата за признавање на испити за транфер студентите и координатор на наставта за студентите од Р. Турција

Мр. Екрем Халимовски учествувал на две меѓународни научни конференции во 2018 година односно 2019 година.

## 2. Список на научни трудови

Кадидатот Мр. Екрем Халимовски покажува интерес кон научно-истражувачката работа и редовно учествува на конференци со презентирање на научни и стручни трудови. Ги има презнетирано и објавено следните трудови:

**а) Ekrem Halimovski, "Institucioni i Ombudsmanit Evropian"- The Institution of the European Ombudsman", Balkan Journal of Interdisciplinary Research, Vol.2, No. 3, January 2017, E-ISSN 2411-9725/ ISSN 240-759X**

Во овој труд авторот ја анализирал улогата на Европскиот Омбудсман како независна, доверна, одговорна институција во заштита на слободите и правата на човекот, владеењето на правото и демоктаријата, местот на оваа институција покрај судсвото и парламентот во правниот систем на ЕУ, придонесите и напорите во креирањето на одговорна администрацијата и спречување на секаков вид на лоша управување.

**б) Ekrem Halimovski and Vesna Jovanova Simeva, "Правата и обврските на спортистите и тренерите во правната регулатива на Република Македонија",- The Right and the Responsibilities of the Coaches in the Legal System of the Republic of Macedonia, Magazine of Social Sciences "Vizione", No. 27, 2017, Skopje, ISSN: 1409-8962/ ISSN 1857-9221**.

Авторите извршиле компарација меѓу правата и обврските на спортистите и тренерите во правната регулатива на Република Македонија со правата и обврските на спортистите и тренерите во Република Турција и Република Србија. Во првиот дел од трудот дефинирано е правото за занимање со спорт, потоа дефиниран е поимот спорт, категоријата спортист и стручен кадар. Во овој дел нагласени е дека во законска регулатива на Р.М не е добро дефиниран законот за стручен кадар и воопшто не е дефиниран терминот спортски менаџер. Авторите наведуваат дека според закон за спорт на Р.М стучните кадри се лица кои имаат завршено најмалку вишо образование, коешто образование во образонвниот систем на Р.М не постои, тие наведуваат дека тоа е само еден многуте пропусти и недостатоци на Законот за спорт на Р.М. Во главниот дел од трудот објаснети се правта и обврските на спортистите и тренерите преку законот за порт на опфатени држави. Во делот на заклучоците авторите ги наведуваат сопствени согледуваеа од извршените анализи за воочените пропусти и недостатоци од ефикасна и ефективна законска регулатива.
Авторите во последниот дел дават препораки и тоа дека:

- Правото на спортување треба да се гарантира со законз а спорт

- Термините спортист и тренер треба да се редефинираат
- Статусот, прават и обврските на спортистите и тренерите треба да бидат поконкретно дефинирани со закон за спорт.

**в) Temelko Risteski, Zineta Asani and Ekrem Halimovski, "Administrative Procedure in the Lustration Process in the Republic of Macedonia", Magazine of Social Sciences "Vizione", No. 31, 2018, Skopje, ISSN: 1409-8962/ ISSN 1857- 9221.**

Авторите во воведниот дел на трудот ги имаат анализирано основите на процесот на лустрација како механизам за забрзување на демократскиот развој на Р.М. Истот така е даден осврт на деформациите на овој процес и на специфичностите на управната постапка во процесот на лустрација, прашањата за формалната и неформалната контрола над работата на Комисјата за верификација на фактите.
Во заклучниот дел ги потенцираа последиците од лустрацијата, стравот и неизвесноста на граѓаните за нивната иднина, тешките психички трауми, намалување на ефикасноста на контртолно заштитните институции на општеството како што се полицијата и јавното обивнителство поради избегнувањето на граѓаните да ги пријавуваат кривичните дела и сторителите плашејќи се да не бидат третитрани како „кодоши", намалувањето на демократските капацитети на општеството и државата и непосредното негативно влијание на процесите на интеграција на Републиката во Европската унија и во НАТО

**ц) Ekrem Halimovski, The rights derived from the EU Citizenship", Faculty of Law, Justicia, Vol. 7, No. 12, Tetovo, 2019.**

Во овој труд авторот, во воведниот дел направил една историска анализа на поимот Граѓанство на ЕУ пред и после договорот од Мастрихт. Истот така на детален начин се анализирани и сите права кои произлегуваат од граѓанството на ЕУ и кои се гарантирани со Повелбата за фундаментални права на ЕУ, како што се правото на слободдо движење и престој во територијата на земјите членки, правото на гласање и правото на кандидирање на изборите за Европскиот параламент и на општинските избори, правото на дипломатска и козуларна заштита, правото на пристап до документите на институциите на ЕУ, правото на петиција и Европската граѓнаска иницијатива

### 3. Учество на меѓунардни конференции

а) Учесник на 5-тата меѓународна научна конференција, **"The Rule of Law and Civil Society"**, организирана од страна на Правен Факултет- Универзитет во Тетово и Правен Факултет "Јустиниан Први"- Универзитет "Св. Кирил и Методиј", одржана на 19.11.2018 година, на која го презантирал трудот "The rights derived from the EU Citizenship".

б) Учесник на 6-тата меѓународна научна конференција, "**European Perspective of the Western Balkans**", организирана од страна на Правен Факултет- Универзитет во

Тетово, одржана во период од 13.11.2019 до 15.11.2019 година, на која го презантирал трудот "The International Legal Regulation of the Right to Water ".

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија цени дека кандидатот м-р. Екрем Халимовски ги исполнува условите и критериумите за избор во соработничко звање асистент од областа на Меѓународно јавно право (50806), Меѓународно приватно право (50807), Право на Европската Унија (50811) и Меѓународни односи и Историја на дипломатијата (50815), согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставн-стручни, научни, наставни и сорботнички звања на ФОН Универзитетот (Битен бр.220 од 03.07.2019 г.)

Рецензентската комисија ценејќи ги предложените материјали кон конкурсот и достапните податоци за кандидатот и сеопфатената анализа на истите, смета дека кандидатот е посветен на проблематиката на Меѓународното јавно и приватно право, Правото на ЕУ и Меѓународните односи. Од погоре наведеното, како и од личното познаство на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека се работи за соработник кој досега посветено ги извршувал задолженијата и кој покажал релевантни резултати за постапката за избор во соработничко звања во соласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставн-стручни, научни, наставни и сорботнички звања. Затоа, Рецензентската комисија со консензус предлага избор на кандидатот м-р. Екрем Халимовски, бидејќи го поседува и потребното образование и педагошкото искуство потребно за извршување на должностите како соработник. Поради сето погоре наведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки на ФОН Универзитетот да му предложиме кандидатот м-р Екрем Халимовски да го ИЗБЕРЕ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО, ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА.

РЕЦЕНЗЕНСКАТА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Љубомир Фрчкоски, с.р. - претседател

---------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Гоце Галев, с.р. - член

---------------------------------------------------------

Скопје, 24 Декември, 2019

3. Проф. д-р Александар Чавлески, с.р. - член

---------------------------------------------------------

**РЕЦЕНЗИЈА**

**За авторски предавања**

**Историја на политички теории 1 од проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски и м-р Славчо Димитров**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на авторските предавања за Историја на политички теории 1 избрани се доц. д-р Анита Глигорова и доц. д-р Гордан Георгиев.

По добивањето на текстот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, рецензезентот доц. д-р Анита Глигорова го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Историја на политички теории 1 се изучува на Факултетот за правни и политички науки, на студиската програма за Политички науки на прв циклус студии при Првиот приватен универзитет ФОН. Авторските предавања за предметот Историја на политички теории 1, содржат научни трудови од авторите **проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски и м-р Славчо Димитров** и еден мал дел научни трудови од други автори.

Авторските предавања ја опфаќаат комплетната содржина според која се изучува предметот Историја на политички теории 1. Авторите прават преглед и разработка на дузина апстрактни концепти важни за политологијата (самиот поим и дефиниција за науката за политичките теории, концептите на моќ, легитимитет, држава, идеологија, политиката визави политичкото итн.) и нив ги ставаат во историски контекст. На овој начин, студентите ќе можат да сознаат дека денешните концепти и принципи со кои оперира либералната демократија не се дадени од секогаш, туку се развивале, менувале и биле подложни на критика и постојани преиспитувања.

На почетокот авторите ги дефинираат клучните поими на науката за Политичките теории, како и политичките идеи на индивидуализмот и комунитаризмот, но и комунитаристичките акомодации, односно мултикултурализмот и политиката. По овој воведен дел, авторите детално се осврнуваат на рамковните концепти, поими и филозофи на политичките теории во Хеленскиот свет и ги проучуваат и објаснуваат учењата на

Платон и Аристотел, по што следи анализа на политичките теории и политичката мисла во стариот Рим со посебен акцент на нивните погледи за политиката втемелена на етика и морални начела.

Политичко-етичките аспекти на научно-теолошката мисла на раниот и доцен Среден век се обработени на темелен начин, укажувајќи на враќањето од полис/политеа кон Бог како prima causa за секое (посакувано) општествено уредување и при тоа се изнесени ставовите и размислувањата на Свети Павле, Августин и Тома Аквински.

Авторите особено внимание посветуваат на политичката теорија на Николо Макијавели, кој според Шелдон Волин претставува првиот голем експеримент во „чиста политичка теорија" со која црковните институции, учења и имагинации застануваат во заден план, а политичкото знаење и теорија добиваат засебно место. Макијавели, кој со политичката ориентација на неговата мисла, станува најозлогласена референца во западната филозофија, особено во западната етика и политичка филозофија, авторите се обидуваат читањето на неговите дела, особено на озлогласениот „Владетел" да го стават во комплексноста на историскиот контекст во кој тој пишува и неговата лична позиција и искуство во таквиот контекст.

Посебен фокус е даден на теориите на општествен договор (Хобс, Русо) како и на првите никулци на либерализмот и либералната идеја (Лок, Монтескје, делумно Хобс). Потребата за држава, која како плод на заедничка пренесена волја на сите нејзини граѓани ќе ги гарантира безбедноста и почитувањето на законите, е исто така поместено во овој дел од авторизираните предавања.

На крајот, авторите прават преглед и анализа на политичката филозофија на Кант и Хегел, првата заснована на учењето за моралот и човековата слободна волја (индивидуализам) а втората којашто метафизички го постулира *патувачкиот* Дух кој конечно се скрасува во Државата.

Дополнително, авторите на темелен начин ги разгледуваат теориите од коишто произлегува револуционерната мисла (особено пред и по Француската револуција), како и концептите на реставрација и конзервативните теории. Авторитарните политички теории и нивните типологии се претставени на крајот на овие авторизирани предавања.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Авторските предавања по Историја на политички теории 1, кои ќе се користат како дополнителна литература за предметот Историја на политички теории ќе им помогнат на студентите полесно да ја совладат содржината на предметот. Во недостаток на литература

на македонски јазик, овие авторски предавања даваат свежина, темелност и добар историски приказ на развојот на политичката мисла од Антиката до почетоците на либералната мисла и нејзиното влијание на Американската револуција.

Чест ми е и задоволство да му предложам на Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН да го одобри печатењето на авторските предавања за Историја на политички теории од авторите проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски и м-р Славчо Димитров.

Рецензент:

__________________________

Доц. д-р Анита Глигорова, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**За авторски предавања**

**Историја на политички теории 1 од проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски и м-р Славчо Димитров**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на авторските предавања за Историја на политички теории 1 избрани се доц. д-р Анита Глигорова и доц. д-р Гордан Георгиев.

По добивањето на текстот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, рецензезентот д-р Гордан Георгиев го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Историја на политички теории 1 се изучува на Факултетот за правни и политички науки, на студиската програма за Политички науки на прв циклус студии при Првиот приватен универзитет ФОН. Авторите имаат напишано авторски предавања за предметот Историја на политички теории, кои содржат нивни научни трудови и еден дел научни трудови од други автори.

Авторите на почетокот прават преглед и разработка на дузина апстрактни концепти важни за политологијата (самиот поим и дефиниција за науката за политичките теории, концептите на моќ, легитимитет, држава, идеологија, политиката визави политичкото итн.) и нив ги ставаат во историски контекст. На овој начин, студентите ќе можат да сознаат дека денешните концепти и принципи со кои оперира либералната демократија не се дадени од секогаш (од Бога на пример) туку се развивале, претрпувале измени, биле подложни на критика и постојани преиспитувања.

Во првиот дел авторите детално ги проучуваат учењата на Платон, Аристотел и политичката мисла на Стариот Рим со посебен акцент на нивните погледи за политиката втемелена на етика и морални начела.

Политичко-етичките аспекти на научно-теолошката мисла во Среднит век се обработени на темелен начин, укажувајќи на враќањето (регресот!?!) од полис/политеа кон Бог како prima causa за секое (посакувано) општествено уредување.

Посебен фокус е даден на теориите на општествен договор (Хобс, Русо) како и на првите никулци на либерализмот и либералната идеја (Лок, Монтескје, делумно Хобс). Потребата за држава, која како плод на заедничка пренесена волја на сите нејзини граѓани ќе ги гарантира безбедноста и почитувањето на законите, е исто така поместено во овој дел од авторизираните предавања.

На крајот, авторите прават преглед и анализа на политичката филозофија на Кант и Хегел, првата заснована на учењето за моралот и човековата слободна волја (индивидуализам) а втората којашто метафизички го постулира *патувачкиот* Дух кој конечно се скрасува во Државата.

Дополнително, авторите на темелен начин ги разгледуваат теориите од коишто произлегува револуционерната мисла (особено пред и по Францускета револуција), како и концептите на реставрација и конзервативните теории. Авторитарните политички теории и нивните типологии се претставени на крајот на овие авторизирани предавања.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Авторските предавања по Историја на политички теории 1, кои ќе се користат како дополнителна литература за предметот Историја на политички теории ќе им помогнат на студентите полесно да ја совладат содржината на предметот. Во недостаток на рецентна литература на македонски јазик, овие авторски предавања даваат свежина, темелност и добар историски приказ на развојот на политичката мисла од Антиката до почетоците на либералната мисла и нејзиното влијание на Американската револуција.

Чест ми е и задоволство да му предложам на Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН да го одобри печатењето на авторските предавања за Историја на политички теории од авторите проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски и м-р Славчо Димитров.

Рецензент:

Доц. д-р Гордан Георгиев, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАВО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ЉУБОМИР Д. ФРЧКОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни и политички науки за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на авторизираните предавања со наслов Филозофија на право од авторот: Љубомир Д. Фрчкоски, наменет за студентите на Факултетот за Правни и политички науки, за предметот Филозофија на правото, избрани се проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска и доц. д-р Гордан Георгиев.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки и политички науки при ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентот проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Филозофија на право |
| **Назив на предметната програма:** | Филозофија на правото |
| **Назив на студиската програма:** | Правни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 6 |
| Предметот Филозофија на правото на Факултетот за правни науки е задолжителен предмет за втор циклус на студии со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во деветти семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија е поделен во 9 поглавја. |

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р Татијана Ашталкоска-Балоска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Филозофија на право содржи неколку делови кои се однесуваат на филозофијата на правото со акцент на основните елементи на наставната програма по предметот Филозофија на правото. Во воведниот дел на ракописот авторот ја нагласува и се задржува на анализа на поимот на филозофијата на правото, сведувајќи го одговорот на ова суштинско прашање на некои од клучните дефиниции од референтни автори и појмовни определувања на дисциплината, преку изведување сумарна дефиниција која ја содржи идејата на правото, надискуственото, праведното, природното и позитивното право, како подрачја врз кои се рефлектира истата, односно праведното право и неговите вредносни критериуми. Со сличен методолошки пристап понатаму авторот го објаснува и поимот на правото и неговите основни карактеристики, изведувајќи на крајот од овој дел сумарна дефиниција за истиот, како систем на норми за регулирање на социјалното однесување на човекот чие реализирање се гарантира со запретена закана од сила на државата, која се надополнува со димензии на психоаналитичката јуриспруденција. Понатаму авторот ги елаборира останатите делови на содржината на филозофијата на правото и притоа посветува соодветно внимание врз нив. Материјата е солидно структуирана и систематизирана според стандардните методолошки правила за пишување на ракописи од овој тип. Посебен акцент во текстот авторот дава на авторитетот на правото, односно потеклото на обврската за почитување на истото, како и на врските помеѓу правото и моќта, правото и моралот, правото и правдата, правото и правдата и правото и правата на човекот. Во последните две глави авторот се задржува на некои од школите на филозофијата на правото, при тоа користејќи и цитирајќи и други автори од домашната и странската литература кои ги обработиле истите. Стилистички гледано употребен е научен стил со квалитетна правна лексика, претежно од областа на филозофијата на правото. Материјалот е лесен и разбирлив за читање. Негово евентуално натамошно проширување и дополнување со анализа на сите поединечни елементи и делови на наставната програма би значело и повисок степен на вреднување на текстот во форма на учебник. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот Филозофија на право е усогласен со предметната програма на истоимениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Внесени во ракописот |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |

| | |
|---|---|
| **Категоризациј а:** | учебно помагало, читанка |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 9 глави, од кои последната е содржана од три додатоци од странска литература, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Цитираната литература е вметната во ракописот. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да предложам да се отпечати како авторизирани предавања по предметот Филозофија на правото, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни и политички науки.

Во Скопје, 17.01.2020 година

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**

**За авторски предавања**

**Филозофија на правото**

**од проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, за член на Рецензентската комисија за рецензирање на авторските предавања за Филозофија на правото избран е доц. д-р Гордан Георгиев.

По добивањето на текстот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје, рецензезентот д-р Гордан Георгиев го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Филозофија на правото се изучува на Факултетот за правни и политички науки, на студиската програма за Правни науки на втор циклус студии при Првиот приватен универзитет ФОН. Авторот има напишано авторски предавања за предметот Филозофија на правото, кои содржат самостојни научни трудови и еден дел научни трудови од други автори.

Авторот на почетокот прави преглед и разработка на десетина дефиниции за правото од различни автори кои произлегуваат од различни идеолошки стојалишта. Понатаму авторот ја анализира комлексната врска помеѓу трите главни атрибути на правото: неговата општост, неговиот нормативен карактер и врската со насилството како такво (проектирано преку моќта и казната).

Во делот наречен Правото и моралот, авторот прави преглед на клучните теоретичари на правото зановано на морални премиси, почнувајќи од Хегел па се до Дворкин, Ролс и Харт. Важните дистинкции право-правда и право-права се поместени кон крајот на овие авторизирани предавања во кои детално се расправа за теориските дилеми околу апсолутната или релативната (контекстуализирана) вредност на истите.

Вистинска свежина во овие предавања е освртот кон психоаналитичката јуриспруденција со нејзиниот централен концепт дека „правото е родено во и од насилството“ и како такво има проблематична морална постура. Дополнително на ова, се анализира врската на правото со моралот од аспект на психоаналитичката критика која постулира дека „кокошката е сепак постара од јајцето“ т.е. правото го конституира субјектот а не обратно, како што вели речиси целокупната либерална мисла. Овој пристап кој го претставува авторот е особено важен имајќи предвид дека на македонски јазик има многу скромна литература за психоаналитичката јуриспруденција.

Во вториот дел од овие авторизирани предавања се поместени текстовии од други автори кои даваат детален преглед на Школата на рационалното природно право, Императивната теорија на правото, англискиот конституционализам, француската правна мисла родена во и низ Револуцијата, германската класична филозофија на правото како и други современи теоретски становишта. На самиот крај поместени се теоретски прилози (на англиски јазик) за природно право и критичката правна теорија, кои даваат дополнително светло на целата материја и го комплетираат теориите за правото.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Авторските предавања по Филозофија на правото, кои ќе се користат како дополнителна литература за предметот Филозофија на правото ќе им помогнат на студентите полесно да ја совладат содржината на предметот. Овие авторски предавања даваат добра основа за секој студент во понапредните години на студирањето да се запознае и да ги продлабочи своите знаења во оваа стожерна област за правото. Посебниот фокус на психоаналитчката јурспруденција е додадена вредност во овие предавања, имајќи предвид колку малку и ретко се спомнуваат во стручната литература на македонски јазик.

Чест ми е и задоволство да му предложам на Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет ФОН да го одобри печатењето на авторските предавања по Филозофија на правото од авторот проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски.

Рецензент:

Доц. д-р Гордан Георгиев, с.р.